Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќаат.

СКОПЈЕ
Понеделник, 22 јануари 1951 год.
Бр. 2 Год. VII

Овој број чини 6 дин. Претплата за една година изнесува 250 дин. Чековна сметка бр. 801.901812

14

Врз основа на чл. 73 точ. 4 и 9 од Уставот на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НРМ донесе

УКАЗ

ЗА УКИНУВАЊЕ И ОСНИВАЊЕ МИНИСТЕРСТВА И СОВЕТИ НА ВЛАДАТА НА НРМ И ЗА ОСНИВАЊЕ КОМИТЕТ ЗА УВОЗ И ИЗВОЗ НА ВЛАДАТА НА НРМ

I

Се укинуваат Министерството за просвета и Министерството за наука и култура.

За раководење со сите работи од надлежноста на досегашното Министерство за просвета и од надлежноста на досегашното Министерство за наука и култура се основа Министерство за просвета, наука и култура.

II

Се укинуваат Министерството за шумарство и Министерството за земјоделие.

За раководење со сите работи од надлежноста на досегашното Министерство за земјоделие и од надлежноста на досегашното Министерство за шумарство се основа Министерство за земјоделие и шумарство.

III

Се укинуваат Министерството за народно здравје и Министерството за социјални грижи.

За раководење со сите работи од надлежноста на досегашното Министерство за народно здравје и од надлежноста на досегашното Министерство за социјални грижи се основа Совет за народно здравје и социјални грижи на Владата на НРМ.

Советот за народно здравје и социјални грижи го сочинуваат, освен претседателот на Советот кој е министер на Владата, и потребен број членови што ќе ги одреди Владата.

IV

Се укинуваат Советот за енергетика и екстрактивна индутрија на Владата на НРМ и Советот за преработувачка индустрија на Владата на НРМ.

За координирање дејностите на генералните дирекции, што раководат со работите од енергетиката, металната, дрвната, хемиската, [illegible], кожарската и екстрактивната индустрија, што [illegible] надлежно[illegible]т, се основа Совет за енергетика, преработувачка и екстрактивна индустрија на Вл[illegible] на НРМ.

На чело на Советот за енергетика, преработувачка и екстрактивна индустрија стои претседател на Советот кој е министер на Владата.

Советот за енергетика, преработувачка и екстрактивна индустрија го сочинуваат, освен претседателот на Советот и генералните директори: на Генералната дирекција за електростопанство, на Генералната дирекција за метална индустрија, на Генералната дирекција за дрвна индустрија, на Генералната дирекција за хемиска индустрија, на Генералната дирекција за текстилна и кожарска индустрија и на Генералната дирекција за неметали.

V

Се укинува Министерството за извоз и увоз.

За раководење со сите работи од досегашното Министерство за извоз и увоз се основа Комитет за увоз и извоз на Владата на НРМ.

Комитетот за увоз и извоз се состои од претседател и потребен број членови што ги именува Владата.

Претседателот на Комитетот за увоз и извоз влегува во состав на Советот за промет со стоки на Владата на НРМ.

VI

Се укинува Министерството за саобраќај.

Работите од досегашното Министерство за саобраќај во однос на патиштата ги превзема Министерство о за градежи, а другите работи ги превзема Комитетот за комунални работи на Владата на НРМ освен работите што ќе ги врши Генералната дирекција за јавен автосаобраќај.

За раководење со работите на експлоатацијата на јавниот автосаобраќај, Владата ќе основа Генерална дирекција за јавен автосаобраќај.

Генералниот директор на Генералната дирекција за јавен автособраќај влегува во состав на Советот за комунални работи и локална индустрија на Владата на НРМ.

VII

Владата ќе го изврши овој указ.

VIII

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. Бр. 5

Скопје, 6 јануари 1951 год.

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

Секретар, Филип Брајковски, с. р.

Претседател, Видое Смилевски, с. р.

15

УКАЗ

ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ВЛАДАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на одлуката на [illegible] Народна Република Македонија и врз основа на член 73 од Уставот на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија

ОБЈАВУВА

Дека Народното собрание на НРМ, во смисла на член 76 од Уставот на НРМ ја именува Владата на Народна Република Македонија во следен состав:

Претседател на Владата — Колишевски Лазар;

Потпретседател на Владата, претседател на Стопанскиот совет и на Планската комисија — Темелковски Борко;

Потпретседател на Владата, претседател на Советот за законодавство и изградба на народната власт и на Советот за промет со стоки — Минчев Никола;

Министер на внатрешните работи — Узуновски Цветко;

Министер — претседател на Советот за земјоделие и шумарство — Наумовски Наум;

Министер — претседател на Советот за енергетика, преработувачка и екстрактивна индустрија — Попов Благој;

Министер-претседател на Совет[illegible] ни работи и локална индустрија — Сејфула Кемал;

Министер — претседател на Советот за народно здравје и социјални грижи — Ацева Вера;

Министер за просвета, наука и култура — Црвенковски Крсте;

Министер за трговија и снабдување — Бајалски Ристо;

Министер за државни набавки — Менков Перо;

Министер за земјоделие и шумарство — Каневче Аспарух;

Министер за градежи — Кузмановски Боге;

Министер за финансии — Џамбаз Даре;

Министер на трудот — Кодра Џафер;

Министер на правосудието — Левков Благој;

Министер — претседател на Комисијата за државна контрола — Талевски Благој;

Министер — генерален секретар на Владата — Мицевски Методија.

У. Бр. 6

Скопје, 6 јануари 1951 год.

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

Секретар, **Филип Брајковски, с. р.**

Претседател, **Видое Смилевски, с. р.**

16

Врз основа на чл. 73 точ. 1 од Уставот на Народна Република Македонија, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА СВИКУВАЊЕ НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА I ВОНРЕДНО ЗАСЕДАНИЕ

Народното собрание на Народна Република Македонија се свикува на прво вонредно заседание (Второ свикување) на 24 јануари 1951 година.

У. Бр. 7

Скопје, 16 јануари 1951 година

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

Секретар, **Филип Брајковски, с. р.**

Претседател, **Видое Смилевски, с. р.**

17

ИЗВЕШТАЈ

На изборната комисија на Народна Република Македонија за резултатите од изборите за народни пратеници на Народното собрание на Народна Република Македонија одржани на 3 декември 1950 година.

Изборна комисија
на Народна Република Македонија
Бр. 344
30-XII-1950 год.
Скопје.

ДО НАРОДНОТО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Изборната комисија на Народна Република Македонија ги доби сите изборни акти од сите околиски изборни комисии, па одкако ги прегледа изборните акти и ги провери резултатите од изборите за народни пратеници на Народното собрание на Народна Република Македонија што ги утврдија околиските изборни комисии го поднесува во смисла на чл. 68 од Законот за избор на народни пратеници за Народното собрание на Народна Република Македонија следниот

ИЗВЕШТАЈ

Во сите изборни околии на подрачјето на Народна Република Македонија, определени со Указ на Президиумот на Народното собрание на НРМ У бр. 44 од 3. [illegible] 1950 ("Службен весник на НРМ" бр. 29 од 19. X. 50 [illegible] на 3 декември 1950 година [illegible] за народни пратеници на Народното собрание на Народна Република Македонија.

[illegible] на Изборната комисија на Народна Република Македонија, непосредно раководеа околиските изборни комисии, што се поставени со Указ на Президиумот на Народното собрание на НРМ У бр. 45 од 3. X. 1950 год. ("Службен весник на НРМ" бр. 29 од 19. X. 1950 год.

Гласањето се вршеше : а) за кандидатите на Народниот фронт на Македонија, чии кандидатури беа потврдени од надлежните околиски изборни комисии, а Изборната комисија на НРМ ги објави во Сл. весник на НРМ бр. 32 од 27 наември 1950 година под бр. 323 од 23 ноември 1950 година и б)во кутијата без листа.

Изборите се спроведени по прописите од Законот за избор на народни пратеници. Сите изборни работи на органите за спроведување на изборите извршени се правилно.

Со преглед на изборните акти примени од околиските изборни комисии установено е дека околиските изборни комисии и бирачките одбори ги утврдиле изборните резултати на начинот предвиден во членовите

58 и 62 од Законот за избор на народни пратеници и дека околиските изборни комисии према утврденото положение правилно ги прогласиле за народни пратеници кандидатите, чии имиња се наведени во извештаите.

Резултатите од изборите по одделни изборни околии се следните:

Град Скопје

I реон

1) Во прва изборна околија на I реон на град Скопје гласале вкупно 3.514 гласачи, од кои за кандидатот Тодоровски Јаковчев Живко, политички секретар на I РК на КПМ Скопје 3493 гласачи или 99,4%, а во кутијата без листа 21, или 0, 6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Тодоровски Јаковчев Живко.

2) Во втора изборна околија на I реон на град Скопје гласале вкупно 4159 гласачи, од кои за кандидатот Божиновски Панчев Ангеле, претседател на Месниот синдикален совет Скопје 4135 гласачи или 99,4%, а во кутијата без листа 24 или 0,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Божиновски Панчев Ангеле.

3) Во трета изборна околија на I реон на град Скопје гласале вкупно 3428 гласачи, од кои за кандидатот Јаневски Димчев Славко, писател Скопје 3408 гласачи или 99,4% а во кутијата без листа 20 или 0,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Јаневски Димчев Славко.

4) Во четврта изборна околија на I реон на град Скопје гласале вкупно 3533 гласачи, од кои за кандидатот Јовановски Андреја Мирослав, службеник Скопје 3503 гласачи или 99,2%, а во кутијата без листа 30 или 0,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Јовановски Андреја Мирослав.

5) Во пета изборна околија на I реон на град Скопје гласале вкупно 2648 гласачи, од кои за кандидатот Наумовски Николов Наум, претседател на Советот за земјоделие и шумарство на Владата на НРМ и член на Полит-Бирото ЦК КПМ Скопје 2625 гласачи или 99,1%, а во кутијата без лист 23 или 0,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Наумовски Николов Наум.

6) Во шеста изборна околија на I реон на град Скопје гласале вкупно 2527 гласачи, од кои за кандидатот Поп Антов Илиев Славко, професор Скопје 2513 гласачи или 99,1%, а во кутијата без листа 14 или 0,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Поп Антов Илиев Славко.

II реон

7) Во прва изборна околија на II реон на град Скопје гласале вкупно 4822 гласачи, од кои за кандидатот Георгиевски Данилов Киро, претседател на Планската комисија на НРМ Скопје, 4722 или 97,9%, а во кутијата без листа 100 или 2,1%.

За народен прратеник е прогласен избраниот кандидат Георгиевски Данилов Киро.

8) Во втора изборна околија на II реон на град Скопје гласале вкупно 3870 гласачи, од кои за кандидатот Аџева Дончева Вера, претседател на Комисијата за државна контрола и член на Полит-Бирото на ЦК КПМ Скопје 3839 гласачи или 99,2% а во кутијата без листа 31 или 0,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Аџева Дончева Вера.

9) Во трета изборна околија на II реон на град Скопје гласале вкупно 2898 гласачи, од кои за кандидатот Манева Петрова Љилјана, секретар на II РК на КПМ Скопје 2873 гласачи или 99,1% а во кутијата без листа 25 или 0,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Манева Петрова Љилјана.

10) Во четврта изборна околија на II реон на град Скопје гласале вкупно 3334 гласачи, од кои за кандидатот Стрезова Трпева Мара, персонален референт во Фабриката "Прогрес" Скопје 3300 гласачи или 99% а во кутијата без листа 34 или 1, %.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Стрезова Трпева Мара.

11) Во пета изборна околија на II реон на град Скопје гласале вкупно 3185 гласачи, од кои за кандидатот Николовски Трпев Благоја, претседател на Народниот одбор на град Скопје, 3147 гласачи или 98,8% а во кутијата без листа 38 или 1,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Николовски Трпев Благоја.

III реон

12) Во прва изборна околија на III реон на град Скопје гласале вкупно 3303 гласачи, од кои за кандидатот Абдуловски Усеин Абдурама, директор на Малцинскиот театар Скопје, 3273 гласачи или 99,1% а во кутијата без листа 30 или 0,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Абдуловски Усеин Абдурама.

13) Во втора изборна околија на III реон на град Скопје гласале вкупно 3081 гласачи, од кои за кандидатот Сејфула Касум Кемал, претседател на Советот за комунални работи на владата на НРМ Скопје, 3017 гласачи или 97,9% а во кутијата без листа 64 или 2,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Сејфула Касум Кемал.

14) Во трета изборна околија на III реон на град Скопје гласале вкупно 3464 гласачи, од кои за кандидатот Унковски Тодоров Ванчо, организационе секретар на Градскиот комитет на КПМ Скопје 3420 гласачи или 98,7% а во кутијата без листа 44 или 1,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Унковски Тодоров Ванчо.

15) Во четврта изборна околија на III реон на град Скопје гласале вкупно 2771 гласачи, од кои за кандидатот Богданов Кочко Петре, композитор во Македонскиот народен театар Скопје, 2722 гласачи или 98,2% а во кутијата без листа 49 или 1,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Богданов Кочко Петре.

16) Во пета изборна околија на III реон на град Скопје гласале вкупно 3910 гласачи, од кои за кандидатот Димче, министер на Министерството на НРМ Скопје 3852 гласачи или 98,5% а во кутијата без листа 58 или 1,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Зуграфски Атанасов Димче.

IV реон

17) Во прва изборна околија на IV реон на град Скопје гласале вкупно 3138 гласачи, од кои за кандидатот Биљановски Тренков Злате, потполковник во ЈА 3113 гласачи, или 99,2%, а во кутијата без листа 25 или 0,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Биљановски Тренков Злате.

18) Во втора изборна околија на IV реон на град Скопје гласале вкупно 3740 гласачи, од кои за кандидатот Стегановски Милче Ангеле, 3672 гласачи или 98,2%, а во кутијата без листа 68 или 1,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Стегановски Милче А[illegible]

19) В[illegible]рета изборна околија на IV ре[illegible] на град Скопје гласале вкупно 3[illegible] гласачи, од кои за кандидатот Брајковски Василе Живко, начелник на [illegible]структорска управа при ЦК КПМ Скопје 3606 гласачи или 99,9% а во кутијата без листа 3 или 0,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Брајковски Василе Живко.

20) Во четврта изборна околија на IV реон од град Скопје гласале вкупно 3311 гласачи, од кои за кандидатот Х[illegible] Џаир Џемир, службе[illegible] гласачи или [illegible] а во кутијата без листа 2 или 0,1[illegible]

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат [illegible]

21) Во пета изборна околија на IV реон на град Скопје гласале вкупно 1967 гласачи, од кои за кандидатот Димов Георгиев Душан, претседател на народниот одбор на IV реон на град Скопје 1953, гласачи или 99,3% а во кутијата без листа 14 или 0,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Димов Георгиев Душан.

Град Битола

22) Во прва изборна околија на град Битола гласале вкупно 3089 гласачи, од кои за кандидатот Влаху Наумов Јанко, секретар на Градскиот комитет на КПМ Битола 3004 гласачи, или 97,2%, а во кутијата без листа 85 или 2,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Влаху Наумов Јанко.

23) Во втора изборна околија на град Битола гласале вкупно 3263 гласачи, од кои за кандидатот Божиновски Георгиев Мишко, секретар на главниот одбор на Сојузот на синдикатите на НРМ Скопје 3224 гласачи или 98,8%, а во кутијата без листа 39 или 1,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Божиновски Георгиев Мишко.

24) Во трета изборна околија на град Битола гласале вкупно 2725 гласачи, од кои за кандидатот Колономас Исакова Џамила, службеник Скопје 2706 гласачи или 99,3% а во кутијата без листа 19 или 0,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Колономас Исакова Џамила.

25) Во четврта изборна околија на град Битола гласале вкупно 2784 гласачи, од кои за кандидатот Чаловска Ахилова Љиљана, службеник Скопје 2759 гласачи или 99,1%, а во кутијата без листа 25 или 0,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Чаловска Ахилова Љиљана.

26) Во пета изборна околија на град Битола гласале вкупно 2837 гласачи, од кои за кандидатот Топаловски Манојлов Илија службеник Белград 2762 гласачи или 97,4% а во кутијата без листа 75 или 2,6%

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Топаловски Манојлов Илија.

27) Во шеста изборна околија на град Битола гласале вкупно 2959 гласачи, од кои за кандидатот Николов Велков Христов, работник Битола 2924 гласачи, или 98,8% а во кутијата без листа 35 или 1,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Николов Велков Христо.

28) Во седма изборна околија на град Битола гласале вкупно 1495 гласачи, од кои за кандидатот Влахов Јонакиев Димитар, потпретседател на Президиумот на ФНРЈ, Белград 1472 гласачи или 98,5%, а во кутијата без листа 23 или 1,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Влахов Јанакиев Димитар.

Град Куманово

29) Во прва изборна околија на град Куманово гласале вкупно [illegible] гласачи, од кои за кандидатот Маневски Стојанов Милосав, политички секретар на Градскиот комитет на КПМ Куманово, 2764 гласачи или 97,9%, а во кутијата без листа 86 или 2,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Маневски Стојанов Милосав.

30) Во втора изборна околија на град Куманово гласале вкупно 3013 гласачи, од кои за кандидатот Михајловска Влајкова Ф[illegible], 2929 гласачи или 97,2% а во кутијата без листа 84 или 2,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Михајловска Влајкова Филимена.

31) Во трета изборна околија на град Куманово гласале вкупно 3957 гласачи, од кои закандидатот Нацева Миланова Мара, потпретседател на Централниот одбор на [illegible] или 95,[illegible] а во кутија без листа 161 или 4,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Нацева Миланова Мара.

32) Во четврта изборна околија на град Куманово гласале вкупно 2990 гласачи, од кои за кандидатот Малинска Димитрова Веселинка, одговорен уредник на "Нова Македонија" Скопје 2929 гласачи или 98%, а во кутијата без листа 61 или 2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Малинска Димитрова Веселинка.

Град Охрид

33) Во прва изборна околија на град Охрид гласале вкупно 4018 гласачи, од кои за кандидатот Рупе Илиев Пере, секретар на Градскиот комитет на КПМ Охрид 3980 гласачи, или 99%, а во кутијата без листа 38 или 1,%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Рупе Илиев Пере.

34) Во втора изборна околија на град Охрид гласале вкупно 3724 гласачи, од кои за кандидатот Наци Сулејман Сали, официр во ЈА 3710 гласачи или 99,6%, а во кутијата без листа 14 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Наци Сулејман Сали.

Град Прилеп

35) Во прва изборна околија на град Прилеп гласале вкупно 3336 гласачи, од кои за кандидатот Џамбазовски Ангелов Даре, министер на Министерството на финансии Скопје 3300 гласачи или 98,9% а во кутијата без листа 36 или 1,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Џамбазовски Ангелов Даре.

36) Во втора изборна околија на град Прилеп гласале вкупно 3531 гласачи, од кои за кандидатот Крстевска Џанева Ратка, службеник Скопје 3491 гласачи или 98,9%, а во кутијата без листа 40 или 1,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Крстевска Џанева Ратка.

37) Во трета изборна околија на град Прилеп гласале вкупно 2839 гласачи, од кои за кандидатот Пепељуговски Пеце, пуковник во ЈА 2.805 гласачи или 98,8%, а во кутијата без листа 34 или 1,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Пепељуговски Пеце.

38) Во четврта изборна околија на град Прилеп гласале вкупно 2220 гласачи, од кои за кандидатот Димитровски Спиркиов Гога, претседател на СРС соз

Варош 2184 гласачи, или 98.4%, а во кутијата без листа 36 или 1,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Димитровски Спирков Гога.

39) Во пета изборна околија на град Прилеп гласале вкупно 2514 гласачи, од кои за кандидатот, Темелковски Јованов Борко, член на Полит-Бирото на ЦК КПМ и Потпретседател на Владата на НРМ Скопје 2439 гласачи или 97%, а во кутијата без листа 75 или 3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Темелковски Јованов Борко.

40) Во шеста изборна околија на град Прилеп гласале вкупно 2737 гласачи, од кои за кандидатот, Ѓорески Трајков Ѓоре, политички секретар на Градскиот комитет на КПМ Прилеп, 2.696 гласачи или 98,5%, а во кутијата без листа 41 или 1,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Ѓорески Трајков Ѓоре.

Град Струмица

41) Во прва изборна околија на град Струмица гласале вкупно 3725 гласачи, од кои за кандидатот Туцаров Ѓошев Васил, политички секретар на Градскиот комитет на КПМ Струмица 3695 гласачи, или 99,2%, а во кутијата без листа 30 или 0,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Туцаров Ѓошев Васил.

42) Во втора изборна околија на град Струмица гласале вкупно 2971 гласачи од кои за кандидатот Минанова Манева Мара, пом. министер на Министерството за увоз и извоз Скопје 2.939 гласачи или 98,9%, а во кутијата без листа 32 или 1,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Минанова Манева. Мара.

Град Титов Велес

43) Во прва изборна околија на град Титов Велес гласале вкупно 3641 гласачи, од кои за кандидатот Гигов Андов Страхил, член на Полит-Бирото на ЦК КПМ и Министер на Владата на ФНРЈ Белград, 3600 гласачи или 98,9%, а во кутијата без листа 41 или 1,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Гигов Андов Страхил.

44) Во втора изборна околија на град Титов Велес гласале вкупно 3387 гласачи, од кои за кандидатот Демниевски Коце Алексо, генерал-мајор во ЈА 3372 гласачи или 99,6%, а во кутијата без листа 15 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Демниевски Коце Алексо.

45) Во трета изборна околија на град Титов Велес гласале вкупно 3575 гласачи, од кои за кандидатот Петров Алексов Боро, политички секретар на Градски комитет на КПМ Титов Велес 3531 гласачи или 98,8%, а во кутијата без листа 44 или 1,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Петров Алексов Боро.

Град Тетово

46) Во прва изборна околија на град Тетово гласале вкупно 2393 гласачи, од кои за кандидатот Антевска Тевдова Нада, службеник Скопје, 2.347 гласачи или 98,1%, а во кутијата без листа 46 или 1,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Антевска Тевдова Нада.

47) Во втора изборна околија на град Тетово гласале вкупно 2843 гласачи, од кои за кандидатот Мартиновски Георгиев Александар, политички секретар на Градски комитет на КПМ Тетово 2797 гласачи или 98,4%, а во кутијата без листа 16 или 1,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Мартиновски Георгиев Александар.

48) Во трета изборна околија на град Тетово гласале вкупно 3019 гласачи, од кои за кандидатот Нухио Али Кенан, службеник на Народниот одбор на град Тетово 2974 гласачи или 98,5%, а во кутијата без листа 45 или 1,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Нухио Али Кенан.

49) Во четврта изборна околија на град Тетово гласале вкупно 3155 гласачи од кои за кандидатот Вела Абдураман Рифат, претседател на Народниот одбор на град Тетово 3099 гласачи или 98,2%, а во кутијата без листа 56 или 1,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Вела Абдураман Рифат.

Град Штип

50) Во прва изборна околија на град Штип гласале вкупно 3876 гласачи од кои за кандидатот Арсов Дончев Љупчо, министер на Владата на ФНРЈ Белград 3.838 гласачи или 99%, а во кутијата без листа 38 или 1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Арсов Дончев Љупчо.

51) Во втора изборна околија на град Штип гласале вкупно 3482 гласачи од кои за кандидатот Глигоров Бљажов Киро, службеник Белград, 3451 гласачи или 99,1%, а во кутијата без листа 31 или 0,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Глигоров Бљажов Киро.

52) Во трета изборна околија на град Штип гласале вкупно 2406 гласачи од кои за кандидатот Кадивков Методиев Ристо, работник Штип 2381 гласачи или 99%, а во кутијата без листа 25 или 1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Кадивков Методиев Ристо.

Беровска околија

53) Во прва изборна околија на Беровска околија гласале вкупно 2857 гласачи, од кои за кандидатот Трајановски Димитров Драгомир, пом. министер на Министерството за земјоделие Скопје, 2613 гласачи или 91,4%, а во кутијата без листа 244 или 8,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Трајановски Димитров Драгомир.

54) Во втора изборна околија на Беровска околија гласале вкупно 2748 гласачи од кои за кандидатот Николовски Пантев Филип, политички секретар на Околискиот комитет на КПМ Берово 2358 гласачи или 85,8%, а во кутијата без листа 390 или 14,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Николовски Пантеф Филип.

55) Во трета изборна околија на Беровска околија гласале вкупно 2483 гласачи, од кои за кандидатот Пешановски Јованов Борис, претседател на Народниот одбор на Беровска околија 2194 гласачи или 88,4%, а во кутијата без листа 289 или 11,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Пешановски Јованов Борис.

56) Во четврта изборна околија на Беровска околија гласале вкупно 2005 гласачи, од кои за кандидатот Андоновски Јованов Симо, повереник на Поверенството за финансии на Народниот одбор за Беровска околија 1876 гласачи или 93,4%, а во кутијата без листа 129 или 6,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Андоновски Јованов Симо.

Битолска околија

57) Во прва изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 1685 гласачи од кои за кандидатот Милевски Димче Добри официр во ЈА 1675 гласачи или 99,4%, а во кутијата без листа 10 или 0,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Милевски Димче Добри.

58) Во втора изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 1666 гласачи, од кои за кандидатот Г'ошевски Костов Тале, земјоделец од с. Ротино 1657 гласачи или 99,4%, а во кутијата без листа 9 или 0,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Г'ошевски Костов Тале.

59) Во трета изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 1867 гласачи, од кои за кандидатот Василевски Јованов Мишко, земјоделец од с. Лахци 1861 гласачи или 99,7%, а во кутијата без листа 6 или 0,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Василевски Јованов Мишко.

60) Во четврта изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 3242 гласачи од кои за кандидатот Трпеновски Крстов Ристо, пом. министер Скопје, 3219 гласачи или 99,3%, а во кутијата без листа 23 или 0,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Трпеновски Крстов Ристо.

61) Во пета изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2249 гласачи, од кои за кандидатот Гечовски Спасев Толе, земјоделец од с. Породин, 2230 гласачи или 99,2%, а во кутијата без листа 19 или 0,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Гечовски Спасев Толе.

62) Во шеста изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2949 гласачи, од кои за кандидатот Таневски Крстев Перко, службеник Битола 2911 гласачи или 98,7%, а во кутијата без листа 38 или 1.3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Таневски Крстев Перко.

63) Во седма изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2637 гласачи, од кои за кандидатот Димитровски Костов Мито, министер на Министерството за увоз и извоз 2613 гласачи, или 99,1%, а во кутијата без листа 24 или 0,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Димитриевски Костов Мито.

64) Во осма изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2355 гласачи, од кои за кандидатот Фотев Наумов Богоја, претседател на Президиумот на Народното собрание на НРМ Скопје 2282 или 96,9%, а во кутијата без листа 73 или 3,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Фотев Наумов Богоја.

65) Во девета изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2597 гласачи од кои за кандидатот Анчевски Петров Дојчин, официр во ЈА 2505 гласачи или 96,4%, а во кутијата без листа 92, или 3,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Анчевски Петров Дојчин.

66) Во десета изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2591 гласачи, од кои за кандидатот Усковски Селман Рамиз, секретар на Народниот одбор на Битолска околија 2505 гласачи или 96,7%, а во кутијата без листа 86 или 3,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Усковски Селман Рамиз.

67) Во единаеста изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2838 гласачи, од кои за кандидатот Попадиќ Јованов Вукашин, министер на Министерството на народно здравје на НРМ Скопје, 2.742 гласачи, или 96,6%, а во кутијата без листа 96 или 3,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Попадиќ Јованов Вукашин.

68) Во дванаеста изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2162 гласачи, од кои за кандидатот Карангеловски Васко, полковник во ЈА 2113 гласачи или 97,1%, а во кутијата без листа 49 или 2,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Карангеловски Васко.

69) Во тринаеста изборна околија на Битолска околија гласале вкупно 2410 гласачи од кои за кандидатот Ристевски Темелков Ано, фурнајија од село Лахци 2380 гласачи или 98,8%, а во кутијата без листа 30 или 1,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Ристевски Темелков Ано.

Бродска околија

70) Во прва изборна околија на Бродска околија гласале вкупно 2691 гласачи, од кои за кандидатот Тренефски Тренев Љубе, службеник од село Љуплите 2598 гласачи, или 96,5%, а во кутијата без листа 93 или 3,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Тренефски Тренев Љубе.

71) Во втора изборна околија на Бродска околија гласале вкупно 2068 гласачи, од кои за кандидатот Јосифовски Паскалов Трајан, учител од село Латово 2003 гласачи, или 96,8%, а во кутијата без листа 65 или 3,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Јосифовски Паскалов Трајан.

72) Во трета изборна околија на Бродска околија гласале вкупно 2877 гласачи, од кои за кандидатот Митановски Кипров Славе, службеник Брод 2823 гласачи или 98,1%, а во кутијата без листа 54 или 1,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Митановски Кипров Славе.

73) Во четврта изборна околија на Бродска околија гласале вкупно 1.824 гласачи, од кои за кандидатот Мустафовски Мустафов Тефик, земјоделец од село Дебрските 1796 гласачи или 98,5%, а во кутијата без листа 28 или 1,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат, Мустафовски Мустафов Тефик.

Гевгелиска околија

74) Во прва изборна околија на Гевгелиска околија гласале вкупно 3403 гласачи, од кои за кандидатот Бајалски Јованов Ристо, министер на Министер-

отвото за трговија и снабдување Скопје 3346 гласачи или 98,5%, а во кутијата без листа 57 или 1,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Бајалски Јованов Ристо.

75) Во втора изборна околија на Гевгелиска околија гласало вкупно 2494 гласачи, од кои за кандидатот Зафировски Глигоров Митко, официр во ЈА 2381 гласачи или 95,5%, а во кутијата без листа 113 или 4,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Зафировски Глигоров Митко.

76) Во трета изборна околија на Гевгелиска околија гласало вкупно 1782 гласачи, од кои за кандидатот Дуганова Танова Васка, пом. претседател на Комитетот за угостителство и туризам Скопје 1705 гласачи или 95,7%, а во кутијата без листа 77 или 4,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Дуганова Танова Васка.

77) Во четврта изборна околија на Гевгелиска околија гласале вкупно 2445 гласачи, од кои за кандидатот Делев Ристов Миле, студент Белград 2431 гласачи или 99,4%, а во кутијата без листа 14 или 0,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Делев Ристов Миле.

78) Во пета изборна околија на Гевгелиска околија гласале вкупно 1975 гласачи од кои за кандидатот Алексов Ташов Димитар, работник Гевгелија 1943 гласачи или 98,4%, а во кутијата без листа 32 или 1,6%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Алексов Ташов Димитар.

79) Во шеста изборна околија на Гевгелиска околија, гласале вкупно 1947 гласачи, од кои за кандидатот Абдулов Ахмедов Енез, земјоделец од село Гупчелци 1940 гласачи или 99,6%, а во кутијата без листа 7 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Абдулов Ахмедов Енез.

80) Во седма изборна околија на Гевгелиска околија гласале вкупно 2856 гласачи од кои за кандидатот Теменугов Милев Мито, министер на Владата на НРМ Скопје 2801 гласачи, или 98,1%, а во кутијата без листа 55 или 1,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Теменугов Милев Мито.

Гостиварска околија

81) Во прва изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 2688 гласачи, од кои за кандидатот Металар Хајрула Аливеби, службеник Гостивар 2680 гласачи или 99,7%, а во кутијата без листа 8 или 0,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Металар Хајрула Аливеби.

82) Во втора изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 1964 гласачи, од кои за кандидатот Смилевски Урошев Видое, член на Полит-Бирото на ЦК КПМ и претседател на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ Скопје 1945 гласачи или 99,3%, а во кутијата без листа 19 или 0,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Смилевски Урошев Видое.

83) Во трета изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 3139 гласачи, од кои за кандидатот Исајловски Лисков Борис, работник с. Вруток 3129 гласачи или 99,6%, а во кутијата без листа 10 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Исајловски Лисков Борис.

84) Во четврта изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 3203 гласачи, од кои за кандидатот Поповски Тодоров Јелисија, полковник во ЈА 3196 гласачи или 99,7%, а во кутијата без листа 7 или 0,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Поповски Тодоров Јелисија.

85) Во пета изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 2476 гласачи, од кои за кандидатот Незири Муарема Оломан, службеник, село Патилиште 2460 или 99,3%, а во кутијата без листа 16 или 0,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Незири Муарема Оломан.

86) Во шеста изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 1864 гласачи, од кои за кандидатот Марковски Кунев Крсте, службеник Скопје 1864 гласачи или 100%, а во кутијата без листа ништо.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Марковски Кунев Крсте.

87) Во седма изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 2234 гласачи, од кои за кандидатот Пеповски Мојсов Светозар пом. претседател на Советот за законодавство и изградба на народ. власт на Владата на НРМ Скопје 2228 или 99,7%, а во кутијата без листа 6 или 0,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Пеповски Мојсов Светозар.

88) Во осма изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 2181 гласачи, од кои за кандидатот Мемеди Раманов Расим, земјоделец од село Долно Јеловце 2173 или 99,6%, а во кутијата без листа 8 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Мемеди Раманов Расим.

89) Во девета изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 1759 гласачи, од кои за кандидатот Мемеши Халитов Нафи, земјоделец од село Врапчиште 1755 гласачи, или 99,7%, а во кутијата без листа 4 или 0,3%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Мемеши Халитов Нафи.

90) Во десета изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 2984 гласачи, од кои за кандидатот Мемети Зулфик'аров Мисим, земјоделец од село Калиште 2971 или 99,5%, а во кутијата без листа 13 или 0,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Мемети Зулфикаров Мисим.

91) Во еденаеста изборна околија на Гостиварска околија гласало вкупно 1961 гласачи, од кои за кандидатот Брајковски Савев Филип, службеник Скопје 1959 или 99,8%, а во кутијата без листа 2 или 0,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Брајковски Савев Филип.

Дебарска околија

92) Во прва изборна околија на Дебарска околија гласало вкупно 3012 гласачи, од кои за кандидатот

Димитриевски Авакулов Димче, политички секретар на Околискиот комитет на КПМ Дебар 2989 гласачи или 99,2%, а во кутијата без листа 23 или 9,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Димитриевски Авакулов Димче.

93) Во втора изборна околија на Дебарска околија гласало вкупно 2717 гласачи, од кои за кандидатот Ибраими Алила Јашар, претседател на Народниот одбор на Дебарска околија 2707 гласачи или 99,6% а во кутијата без листа 10 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Ибраими Алила Јашар.

94) Во [illegible] околија на Дебарска околија гласало вкупно 2403 гласачи, од кои за кандидатот Кодра Сулејманов Џафер, министер на Министерството на трудот Скопје 2394 гласачи, или 99,6%, а во кутијата без листа 9 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Сулејманов Џафер.

95) Во четврта изборна околија на Дебарска околија гласало вкупно 2266 гласачи, од кои за кандидат Милошевски Ристов Тихомир, полковник во ЈА. 2262 гласачи или 99,8%, а во кутијата без листа 4 или 0,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Милошевски Ристов Тихомир.

96) Во пета изборна околија на Дебарска околија гласало вкупно 2925 гласачи, од кои за кандидатот Хаме Назифи Садо, земјоделец од Дебар 2898 гласачи или 99,1% а во кутијата без листа 27 или 0,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Хаме Назифи Садо.

Демирхисарска околија

97) Во прва изборна околија на Демирхисарска околија гласале вкупно 2597 гласачи, од кои за кандидатот Поповски Ангелов Соколе, политички секретар на Околискиот комитет на КПМ за Демирхисарска околија 2532 гласачи или 97,5%, а во кутијата без листа 65 или 2,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Поповски Ангелов Соколе.

98) Во втора изборна околија на Демирхисарска околија гласало вкупно 2358 гласачи, од кои за кандидатот Јоновски [illegible] Милан, офицер во ЈА 2310 гласачи или 98%, а во кутијата без листа 48 или 2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Јоновски Вељанов Милан.

99) Во трета изборна околија на Демирхисарска околија гласало вкупно 2355 гласачи, од кои за кандидатот Вељановски Билбилов Нове, претседател на Контролна комисија — Демир Хисар 2290 или 97,2%, а во кутијата без листа 65 или 2,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Вељановски Билбилов Нове.

100) Во четврта изборна околија на Демирхисарска околија гласало вкупно 2263 гласачи, од кои за кандидатот Матлиовски Кочов Киро, претседател на МНО Смилево 2225 гласачи или 98,3%, а во кутијата без листа 38 или 1,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Матлиовски Кочов Киро.

Делчевска околија

101) Во прва изборна околија на Делчевска околија гласале вкупно 3586 гласачи, од кои за кандидатот Методи Митевски — Брицо, Министер Генерален секретар на Владата на НРМ Скопје 3376 гласачи или 94,1%, а во кутијата без листа 210 или 5,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Методи Митевски — Брицо.

102) Во втора изборна околија на Делчевска околија гласале вкупно 2356 гласачи, од кои за кандидатот Горговски Тодоров Васил, министер на Министерството за државни земјоделски стопанства на Владата на НРМ, 2212 гласачи, или 93,9%, а во кутијата без листа 144 или 6,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Горговски Тодоров Васил.

103) Во трета изборна околија на Делчевска околија гласале вкупно 3064 гласачи, од кои за кандидатот Сабрија Рашидов Мемишов, повереник на Поверенството за државни набавки ОНО Делчево 2885 гласачи или 94,1%, а во кутијата без листа 179 или 5,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Сабрија Рашидов Мемишов.

104). Во четврта изборна околија на Делчевска околија гласале вкупно 2062 гласачи, од кои за кандидатот Ване Војов Милан[illegible], политички секретар на Околискиот комитет на КПМ во град Делчево 1966 гласачи или 95,3%, а во кутијата без листа 96 или 4,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Ване Војов Миланов.

Г'орчепетровска околија

105) Во прва изборна околија на Горчепетровска околија гласале вкупно 3407 гласачи од кои за кандидатот Иљаковски Алексов Јосиф, од Горче Петров работник 3368 гласачи или 98,8%, а во кутијата без листа 39 или 0,2%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Иљаковски Алексов Јосиф.

106) Во втора изборна околија на Горчепетровска околија гласале вкупно 3149 гласачи, од кои за кандидат Идриви Амеди Енвер, секретар на Околискиот комитет на младина 3139 гласачи, или 99,6%, а во кутијата без листа 10 или 0,4%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Идризи Амеди Енвер.

107) Во трета изборна околија на Горчепетровска околија гласале вкупно 2680 гласачи, од кои за кандидатот Синанин Јонуза Азир, претседател на Контролната комисија на ОНО Горче Петров, 2655 гласачи или 99,1% или 99,1%, а во кутијата без листа 25 или 0,9 од сто.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Синанин Јонуза Азир.

108) Во четврта изборна околија гласале вкупно 3[illegible]5 гласачи, од кои за кандидатот Стојановски Гигов Г'око, секретар на Околискиот комитет на КПМ Горче Петров, 3200 гласачи или 95,5%, а во кутијата без листа 15 или 0,5%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Стојановски Гигов Г'око.

Кавадарска околија

109) Во прва изборна околија на Кавадарска околија гласале вкупно 2165 гласачи, од кои за кандидатот Русков Трајков Горге, член на Политбирото на ЦК КПМ град Скопје 2149 гласачи или 99,2%, а во кутијата без листа 16 или 0,8%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Русков Трајков Горге.

110) Во втора изборна околија на Кавадарска околија гласале вкупно 1618 гласачи, од кои за кандидатот Мицејков Гошев Мито, потполковник во УДБ за Македонија Скопје 1605 гласачи, или 99,2%, а во кутијата без листа 13 или 0,8%

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Мицејков Гошев Мито.

111) Во трета изборна околија на Кавадарска околија гласале вкупно 2004 гласачи, од кои за кандидатот Алексов Николов Ванчо, политички секретар на Околискиот комитет на КПМ гр. Кавадарци 1841 или 91,9%, а во кутијата без листа 163 или 8,1%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Алексов Николов Ванчо.

112) Во четврта изборна околија на Кавадарска околија гласале вкупно 2536 гласачи, од кои за кандидатот Сулејманов Муратов Бејазат, претседател на МНО Бистринци 2488 гласачи или 98,1%, а во кутијата без листа 48 или 1,9%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Сулејманов Муратов Бејазат.

113) Во пета изборна околија на Кавадарска околија гласале вкупно 2737 гласачи, од кои за кандидатот Мојсов Донев Лазо, јавен обвинител за Македонија Скопје 2717 гласачи, или 99,3%, а во кутијата без листа 20 или 0,7%.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Мојсов Донев Лазо.

114) Во шеста изборна околија на Кавадарска околија гласале вкупно 5018 гласачи, од кои за кандидатот Минчев Борисов Никола, потпретседател на Владата на НРМ и член на Политбирото на ЦК КПМ 4989 гласачи или 99.4%, а во кутијата без листа 29 или 0,6 од сто.

За народен пратеник е прогласен избраниот кандидат Минчев Борисов Никола.

